СОВЕТ НА ОПШТИНА КРАТОВО
Бр. 09-304/1
26.02.2016 год.
КРАТОВО

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 78 од Изборниот законик ("Службен весник на РМ" бр.40/2006, 136/2008, 148/2008, 155/2008, 163/2008, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/2013, 34/13, 14/2014 и 196/2015), а согласно член 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 26.02.2016 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ИСТАКНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИ ПЛАКАТИ БЕЗ НАДОМЕСТОК

**Член 1**

Со Одлуката се определуваат местата дозволени за истакнување на изборни плакати и пропаганден материјал за спроведување на изборната кампања од политичките партии во населените места во општина Кратово без надоместок.

**Член 2**

Не е дозволено истакнување на изборни плакати и пропаганден материјал на објекти во кои се наоѓа гласачко место или просторија за гласање, а доколку тоа се случи, организаторот за кампањата на таа политичка партија е должен пропагандниот материјал да го отстрани најдоцна 24 часа пред денот определен за гласање.

**Член 3**

Истакнувањето на изборните плакати и пропагандниот материјал на приватни или стамбени објекти може да се врши со претходен договор или согласност на сопствениците на објектите, а доколку тие се наоѓаат во близина до најмалку 100 метри од објектите во кои се наоѓа гласачкото место или просторијата за гласање, организаторот на изборната кампања на политичката партија е должен пропагандниот материјал да го отстрани најдоцна 24 часа пред денот на гласањето.

**Член 4**

Комуналната инспекција на општина Кратово во согласност со Одделението за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина со посебно Решение ги утврдуваат местата за лепење на изборни плакати и пропаганден материјал без надоместок и за тоа на транспарентен начин ги известуваат заинтересираните политички партии.

**Член 5**

Комуналната инспекција и Одделението за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и ЛЕР со издавање на Одобрението за лепење на плакати и пропаганден материјал, а по барање на организаторот на кампањата, водат сметка да обезбедат адекватен простор за рамноправно учество и застапеност на политичките партии за лепење на плакати и пропаганден материјал.

**Член 6**

Организаторите на изборната кампања се должни во рок од 30 дена по завршувањето на изборите да ги отстранат своите плакати и пропаганден материјал, а за организаторите кои тоа нема да го направат ќе се постапи согласно член 185 од Изборниот законик (глоба во износ од 2500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на регистрирана политичка партија, коалиција односно независен кандидат ако во рокот утврден од членот 79 став (2) од Изборниот законик не го отстрани сметот од плакатите и глоба во износ од 30% од одмерената глоба за политичката партија, коалицијата, односно независниот кандидат ќе му се изрече на овластеното лице на политичката партија, коалицијата односно независниот кандидат за прекршокот од ставот (1) на членот 185 од Изборниот законик).

**Член 7**

Не е дозволено правење на паноа од политичките партии и нивно истакнување на јавни места без дозвола на комуналната инспекција на општина Кратово.

**Член 8**

На местата определени за бесплатно истакнување на плакати и пропаганден материјал организаторот на кампањата може да зафати простор најмногу до 3 м.

**Член 9**

На јавни места во сопственост на локалната самоуправа може да се дозволи истакнување на паноа со пропаганден материјал на места кои што ќе ги определи комуналната инспекција според цена утврдена во договор склучен со општината.

**Член 10**

За непочитување на одредбите од оваа Одлука, комуналната инспекција врши отстранување на залепениот пропаганден материјал на терет на организаторот на кампањата.

**Член 11**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува важноста на Одлуката за истакнување на изборни плакати без надоместок бр.07-171/1 од 31.01.2014 година.

**Член 12**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09 - 304/1
26.02.2016 година
Кратово

**Претседател**
**на Советот на општина Кратово**
Сашо Ѓеоргиевски